


ПАНОРАМА

# Хаџи-Василева патува на 55. Биенале во Венеција

Датум 12.11.2012
Автор Антоанела Димитриевска
Редактор Александра Трајковска


**Елпида Хаџи-Василева ќе ја претставува Македонија на Венецискиот биенале на уметноста во 2013. „Голем успех и поттик за уште поголемо творештво“ ја коментира авторката денешната одлука за претставувањето во Венеција.**

Проектот „Кожата е идентитет и површина за проекција - репрезентација на душата“ на авторот Елпида Хаџи-Василева ќе биде македонски претставник на 55. Биенале на уметноста во Венеција, кое ќе се одржи од 1. јуни до 24. ноември 2013. Оваа одлука ја донесе жирито во состав: Жарко Башески, уметник претставник на Биеналето во 2012, Владимир Величковски и Конче Пирковска, историчари на уметноста.

Во интервјуто за Дојче Веле авторката, 41 годишната кавадарчанка Елпида Хаџи- Василева, која живее и твори во Англија ни изјави: „Вторпат конкурирам индивидуално за Венеција. Првиот пат учествував со колективен проект на Биеналето во Венеција во 2005 година. Воодушевена сум што токму јас ќе ја претставувам Република Македонија во Венеција во 2013. Ова за мене е еден голем успех и поттик за уште поголемо творештво“, ни изјави Хаџи-Василева.

## Експерименти со материјали

На прашањето, со какви материјали работи, Хаџи-Василева појаснува: „Јас експериментирам со медиумите, кои ги користам за визуелизација на своите дела, а тоа се мошне често неуметнички материјали од органско потекло, храна па се’ до златни ливчиња. Природата, а особено кожите и органите секогаш играле значајна улога во мојата практика, утилизирајќи хиерархија, повторување и манипулација. Изненадувањето и предизвикот се клучни во мојот уметнички процес, а особено мојата интенција ’да го гледаме светот со поинакви очи‘“.

За честата употреба на кожата во своите дела ни појаснува: „Јас ја употребувам кожата од кокошка, од мембрани и ципи од внатрешни органи на животни и слично, како идеја-метафора за нашата фрагилност, нашите години, потекло, здравје и нашиот културен

СЛУШАЈТЕ ДОЈЧЕ ВЕЛЕ
Емисија во 08.30

АКТУЕЛНО
» Лоши пораки на линија Скопје-Тирана
» Бриселската одлука - пресвртница во грчката криза?
» Орбан сака да си ја обезбеди власта
» Шулц: Нема надеж за почеток на преговори со Македонија
» Најголеми демонстрации по падот на Мубарак



Градови на културата
Со иницијативата „Главен град на културата“ Европската унија ги истакнува различните карактеристики на континентот. Од Марибор и Гимараеш, преку Талин и Турку запознајте ја културата на Европа!

идентитет, преку неа се комуницира знаењето на светот за нас. Кожата е заштита за она што се крие внатре, за сокриените нешта. Таа од друга страна креира празно-шуплива обвивка-објект-контејнер каде човечкото тело се населува. Ова скровиште, налик на градбите штити и згрижува, но и нуди начини за изразување на идентитет, без оглед дали станува збор за личен, политички религиозен или културен. Кожата во моите дела има и концепциска примена и визуелно-естетска“.



Венеција

За тоа кои се клучните матрици врз кои се гради концептот на проектот? одговара: „Токму овие две за кои говоревме се двете клучни матрици врз кои се гради проектот. Кожата е идентитет и површина за проекција, репрезентација на душата. Она што е автентично лежи под кожата и се крие внатре во телото“, вели Хаџи-Василева. „Тоа е проект со кој се продолжуваат моите три рецентни дела: 'Пеперутки во стомакот' продуциран во Валенсиен Франција и 'Повторна ундулација' создаден во Истбурн Англија и 'Инхерентна убавина' креирано во Скопје и тој реферира на историјата на болеста чума или црна смрт и нејзиното ширење долж патот на свилата од 1346-1353 година“, појаснува авторката.

Каков е самиот проект? Хаџи Василева појаснува: „Самиот проект ќе претставува инсталација во конкретен простор, која ќе се состои од видео проекција и скулптури, кои може да оперираат во зависност од просторот мал или голем. Видео проекцијата ќе биде едноставна анимација проектирана на подот, која ќе го референцира ширењето и размножувањето на чумата во Европа преку мапи. На самата анимација ќе бидат поставени скулптури-објекти. Скулптурите-објекти (панели) ќе бидат изведени од парчиња кожа, кои ќе бидат конзервирани и импрегнирани, како и споени парче со парче создавајќи облици на канопи, сводови. Самите имици на кожите ќе се однесуваат на фрагменти на болеста чума, а претставите ќе имаат огледален-удвоен изглед и секоја втора кожа ќе има поинаква визуелизација, со што ќе се нагласи декоративниот ефект. Дополнително ќе се исечат фрагменти како змијовидни панели, кои ќе бидат поставувани директно врз мапите, кои се мапи на ширењето на чумата со уметничка визуелизација на фрагилноста на човековиот организам. Со тоа успевам грдото да го трансформирам во слики на убавина и висока декоративност“, ни појаснува авторката Хаџи-Василева.

Проектот не само што ќе ја реферира болеста и силата на нејзиното размножување, туку тангира и прашања за сегашната економија, граничните прашања и проблеми како и слободата на движењето. „Финалниот изглед на проектот ќе биде во дирекна зависнот од просторот кој ќе го добиеме на Биеналето во Венеција“, ни појаснува Елпида Хаџи-Василева.

Елпида Хаџи-Василева учествувала на повеќе од 50 групни и повеќе поединечни претставувања во Европа, добитник е на повеќе награди и признанија.

**Датум** 12.11.2012

**Автор** Антоанела Димитриевска

**Редактор** Александра Трајковска

**Сподели** Испрати Фејсбук Твитер google+ повеќе...

**Ваш коментар**: Пишете ни

**Печати** Испечати ја страната

FACEBOOK

DW на македонски
on Facebook
Like 6,374

6,374 people like DW на македонски.
Lidija Sonja Gordan
Vladimir Katerina Iko